*Николина КЕНИГ*
*Огнен СПАСОВСКИ*

**УДК: 159.942.5.072**

# ПРОВЕРКА НА ВНАТРЕШНАТА СТРУКТУРА НА ИНСТРУМЕНТОТ ИНДЕКС НА АСПИРАЦИИ СО КОРИСТЕЊЕ ЕКСПЛОРАТОРНА ФАКТОРСКА АНАЛИЗА

***Кратка содржина***

*Инспирирано од неколку случаи на контрадикторни наоди во емпириските студии во поглед на ектстринзичните животни цели, ова истражување е фокусирано на тоа да се провери внатрешната структура на инструментот Индекс на аспирации од авторите Кејсер и Рајан. Проверката е направена со помош на експлораторна факторска анализа на примерок од 416 испитаници на возраст од 18 до 56 години кои живеат во различни град-ови во Македонија. Наодите од анализата покажуваат дека генерално, конструктот екстринзична наспроти интринзична мотивација е потврден како истоветен и за оваа популација, но и тоа дека постојат одредени разлики во тоа како се структурирани различните субскали од кои се состои инструментот.*

***Клучни зборови***: *ИНДЕКС НА АСПИРАЦИИ, ИНТРИНЗИЧНИ И ЕКСТРИНЗИЧНИ ЖИВОТНИ ЦЕЛИ, ФАКТОРСКА АНАЛИЗА*

## *Вовед*

Однесувањето на човекот е суштински поврзано со неговите потреби. Доколку однесувањето е адаптивно и насочено кон цели кои овозможуваат опстанок и развој, тие обрасци се зацврстуваат и пренесуваат. Оттука, гледано низ еволуциска перспектива, ние во најголем дел го посакуваме она што воедно е и наша основна потреба, и сме внатрешно или интринзично поттикнати да ја задоволиме, инаку не би опстанале (Brewster, 1992). Сепак, ние сме и социјални битија, а нашите потреби може да бидат моделирани и условени и од заедницата, односно надворешно или екстринзично. Во поглед на овие прашања, во науката генерално постои

консензус дека човековата мотивација може да има *интринзична* и *екстринзична* природа.

Во психологијата, концепциите за *интринзична мотивација* датираат од средината на минатиот век. Една од нив е концепцијата на Вајт (White) од 1959 година, според кого човекот често презема активности само за да почувствува дека е ефикасен во интеракцијата со светот (околината), додека ДеШарм (deCharms) во својата концепција од 1968, разликува внатрешна наспроти надворешна каузација (според Deci & Ryan, 2000). ДеШарм зборува за примарна мотивациска тенденција човекот да се чувствува како, причинител, извор на она што го прави, честопати без да постои надворешна причина или награда. Вака поттикнатото однесување е во функција на задоволување на психолошките потреби поврзани со развојните тенденции и адаптирање на животните услови.

За *екстринзична мотивација* зборуваме кога изворот на однесувањето кое е насочено кон постигнување на некоја цел или резултат е одвоен од самата активност. Таа е базирана на вредности кои се суштински надвор од самата личност. Екстринзична мотивација подразбира однесување со цел да се дојде до наградувачки ефект или да се избегне дестимулација, и влијае на однесувањето само додека е достапна или присутна стимулацијата. Според многу истражувања спроведени во развиените земји, тежнеењето кон екстринзичните цели е негативно поврзано со развојот и реализацијата на интринзичната мотивација, затоа што го доведува до дефокусирање од процесите насочени на задоволување на базичните психолошки потреби (Nix et al., 1999; Ryan & Deci 2001). Сепак, екстринзичната мотивација е составна компонента на развојот на секоја личност, а многу активности се резултат на интеракција на интринзични и екстринзични цели.

Базирано на долгогодишни емпириски студии, Кејсер и Рајан ја развиваат концепцијата за интринзични и екстринзични животни цели (Kasser & Ryan, 1993, и 1996). Притоа, животните цели ги дефинираат како специфични мотивациски проекции или исходи со кои индивидуата го насочува својот живот низ времето. Тие се базираат на вредностите, но и се разликуваат од нив, бидејќи вредностите се поширок конструкт. Овие цели и вредности не се универзални кај различни култури, ниту во рамките на иста култура.

Интринзичните животни цели, според Кејсер и Рајан, се всушност три групи мотиви, концентрирани околу три генерални тенденции: (1) тежнеење кон личен развој, (2) тежнеење да се формираат и одржуваат врски со лица кои ни се важни, (3) тежнеење да се даде придонес во својата заедница. Екстринзичните животни цели се исто така концентрирани околу три генерални тенденции: (1) тежнеење да се стекнат материјални

добра и да се биде финансиски успешен, (2) тежнеење во својата заедница или во општеството да се стекне статус или да се биде славен, (3) тенденција изразена како грижа за сопствениот изглед или имиџ, односно грижа за начинот на себе-пројавување. Концепцијата на Кејсер и Рајан вклучува и седма животна цел, како тежнеење за одржување добро здравје, но таа се третира како засебна, која не се вклопува ниту во екстринзичните ниту во интринзичните.

Животните цели се директно поврзани со задоволување на базичните психолошки потреби, а оттука и со субјективната добросостојба. Кај интринзичните цели, постои внатрешен и релативно стабилен критериум дали тие се задоволени или не. Доколку изборот и развојот на животните цели не е во согласност со автентичните потреби, вредности и интересирања, базичните психолошки потреби остануваат незадоволени што поттикнува посилно тежнеење кон екстринзичните цели како компензаторен механизам (Ryan et. al, 2008). Екстринзичните цели по природа внесуваат компетитивност во однесувањето, што може негативно да се одрази на социјалните односи. Воедно, луѓето не поседуваат внатрешен автентичен и стабилен критериум за тоа кога тие се реализирани, што резултира со континуирано тежнеење кон „повеќе“ и со чувство дека целите не се докрај реализирани. Ваквата психолошка состојба може да доведе до перманентна фрустрираност и анксиозност, како и влошена субјективна добросостојба.

Наодите на Кејсер и Рајан (Kasser & Ryan, 1993) станаа инспирација за истражувања ширум светот. Според нив, нагласеноста на аспирациите кон финансиски успех е поврзана со пониска психолошка прилагоденост, пониска виталност и самоактуелизираност, што според авторите претставува „мрачната страна на американскиот сон“. Овие наоди во наредните години се потврдени во повеќе земји, како на пример во Канада и Бразил (Chirkov et al., 2005; Ryan et al., 1999), во Германија и САД (Schmuck et al., 2000), додека Грузе и соработниците ги потврдуваат на споредбена студија за структурата на целите во 15 земји (Grouzet et al., 2005).

Сепак, сите резултати во оваа сфера не се еднозначни. Истражувањата спроведени во неколку транзициски земји покажуваат дека тежнеењето кон екстринзичните цели не мора да биде проследено со намалување на нивото на субјективната добросостојба. Фрост и Фрост ги проверуваат наодите со споредба на испитаници од Романија и САД, а резултатите покажуваат дека врската меѓу стремежот кон финансиски успех и намалената добросостојба важи само за американските испитаници, но не и за романските (Frost & Frost, 2000). Според наодите од истражување спроведено во Хрватска, екстринзичните цели се позитивно поврзани со среќата (Brdar, 2006).

Во истражување спроведено во Македонија (Спасовски, 2009), добиено е дека екстринзичните цели се позитивно поврзани со интринзичните цели и со субјективната добросостојба. Ваквите резултати споредени со оние во развиените земји предизвикуваат прашање дали разликите се должат на тоа што конструктот за екстринзични цели, а оттука и за инструментот Индекс на аспирации, не можат да се применат универзално, односно не се културално еднозначни. Или, пак, разликите во резултатите во наведените студии, се должат на разликите во социо-економските услови?

Оттука, како *проблем на ова истражување* се третира потребата за проверка на внатрешната структура на инструментот со кој се мерат варијаблите екстринзична и интринзична мотивација.

### *Опис на инструментот Индекс на аспирации*

Иструментот Индекс на аспирации (Aspiration index), на авторите Кејсер и Рајан (Kasser & Ryan, 1993, 1996) е конструиран за да се мери нивото или интензитетот на аспирации кон интризичната и кон екстринзичната мотивација. Скалата се состои од 7 субскали, а секоја од субскалите има 15 ајтеми. Секоја од 7-те субскали има по пет различни индикатори кои се однесуваат на исти цели. За секоја од овие цели се формулирани по три прашања кои се однесуваат на тоа (1) колку е таа цел *важна* за испитаниците, (2) колку тие сметаат дека е *веројатно* дека ќе ја исполнат во иднина и (3) во кој обем сметаат дека веќе ја имаат *остварено* таа цел. Истиот образец е применет за секоја од петнаесетте цели - индикатори. Испитаниците на прашањата одговараат на 7-степена скала, од *воопшто не* до *многу*.

Три од овие субскали се однесуваат на аспирации кон екстринзичните животни цели и вредности: тежнеење (или аспирации) за стекнување *материјални добра-богатство*, тежнеење за стекнување *статус*, (слава, социјално признание), а третата потскала се однесува на аспирациите за одржување на сопствениот изглед и себе-претставувањето, односно грижата за сопствениот *имиџ*. Накратко, три субскали за екстринзични животни цели се: богатство, статус и имиџ.

Други три потскали составени од по 15 ајтеми ги мерат аспирациите кон интринзичните вредности: тежнеење за личен *раст* (во психолошка смисла), аспирации за формирање и одржување на *врски* или односи со значајни лица, и тежнеење или аспирации за придонес во заедницата. Накусо, трите субскали за интринзични животни цели се: личен раст, значајни врски и придонес во заедницата.

Седмата потскала се однесува на тежнеењето кон добро *здравје*, која не е исклучиво ниту интризична ниту екстринзична, иако според истражувањата, постои тенденција да биде наклонета кон интринзичната мотивација.

Целиот инструмент има вкупно 105 ајтеми, од кои можат да се пресметуваат индекси на екстринзична и интринзична мотивација, но и скорови кои се однесуваат на поединечните субскали, односно животни цели.

Според авторите, релијабилноста изразена преку алфа коефициентот се движи меѓу 0,71 и 0,83 (Frost & Frost, 2000; Kasser & Ryan, 1996). На студентска популација од Македонија, утврдениот коефициент на релијабилност е 0,91 (Спасовски, 2009).

## *Метод*

### *Примерок*

Примерокот на кој е спроведена анализата е правен според правилата на изработка на квотен примерок, но, квотите од релевантни карактеристики само приближно одговараат на тие во популацијата. Најпрво, се водеше сметка за возраста на испитаниците на тој начин што намерно се избираа соодветен број испитаници од секоја дефинирана возрасна група: двајца меѓу 18 и 25 години и по тројца меѓу 26-40 и 41-55 години. Понатаму, испитаниците се избираа на тој начин што вкупниот број на оние со високо образование наспроти со средно образование да биде околу 1:2, што приближно соодветствува на застапеноста на оваа варијабла во популацијата. Испитаници со завршено основно образование не беа вклучени во примерокот. Една од причините е тоа што се покажа дека оваа категорија не е лесно достапна во урбаните средини, а другата, многу поважна, е тоа што авторите на скалата, спроведувајќи крос-културна валидација на скалата во 15 различни земји, користеле примероци од студенти. Поделбата според местото на живеење е направена така што во предвид се земени источниот, централниот и западниот[1] регион на земјата од кои се испитани по дваесеттина испитаници во различни градови, а како посебен регион,

---

[1] Во *западниот* регион се тестирани испитаници од градовите: Охрид, Ресен, Струга, Кичево и Гостивар, во *централниот* регион се застапени испитаници од: Битола, Кавадарци, Велес и Св. Николе, а во *источниот*, тестирањето е спроведено во градовите: Штип, Струмица, Кочани, Кратово, Берово, Куманово и Крива Паланка.

пред сè, заради бројноста на жители третиран е градот Скопје. На крај, изборот е правен така што полот е застапен еднакво низ различните возрасни категории и категории на образование. Сите испитаници се етнички Македонци.

Во анализата се вклучени само оние протоколи кои содржат целосни информации. Така, вкупниот број испитаници е N=416, а просечната возраст на испитаниците е M=35,2 (σ=11,33). Во градот Скопје се тестирани 212 испитаници, во источниот регион 92, во централниот 44, а во западниот 68. Отфрлањето на несоодветните протоколи доведе до мали изместувања на планираните пропорции во однос на застапеноста на релевантните категории, па така, 53,3% од респондентите се од женски пол (N=222), односно 46,7% се мажи (N=194). Со средно образование се 60,3% (N= 251) од вкупниот број испитаници, а останатите се со високо образование. Дистрибуцијата на испитаниците по регионите според степенот на образование и полот е прикажан во Табела 1.

***Табела 1.*** *Структура на примерокот според регион, пол и степен на образование*

| | *Регион* | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Пол и образование*** | Западен | Скопје | Централ. | Источен | ***вкупно*** |
| жени со средно образование | 21 | 62 | 14 | 27 | *124* |
| жени со високо образование | 21 | 48 | 7 | 22 | *98* |
| **вкупно жени** | **42** | **110** | **21** | **49** | ***222*** |
| мажи со средно образование | 19 | 66 | 14 | 28 | *127* |
| мажи со високо образование | 7 | 36 | 9 | 15 | *67* |
| **вкупно мажи** | **26** | **102** | **23** | **43** | ***194*** |
| ***вкупно*** | ***68*** | ***212*** | ***44*** | ***92*** | ***416*** |

## *Постапка за прибирање податоци*

Податоците се прибирани во април 2011 година. Врз основа на инструкциите за карактеристиките кои треба да ги имаат испитаниците, како и бројот на потребните испитаници, студентите на Институтот за психологија тестирањето го вршеа во градот каде што живеат. Секој испитаник е тестиран индивидуално, во присуство на тестаторот, со упатство дека резултатите ќе бидат користени за научно истражување. Тестирањето е доброволно и анонимно, но, од испитаниците е баран телефонски број за контакт, за да се провери веродостојноста на протоколот. Проверките се правени по систем на случајно бирање, на десетина испитаници.

### *Постапка на проверка на внатрешната структура на ајтемите во тестот*

За да се провери дали моделот утврден со факторска анализа на популации од западно-европските земји може да се примени и во оваа култура, направена е експлораторна факторска анализа со помош на методот на главни компоненти. Со оглед на тоа што тестот е конструиран врз основа на 35 животни цели, при што за секоја од нив се формулирани по три прашања, во анализата се вклучени ајтеми кои се однесуваат на индивидуално припишаната *важност* на целта. Одлуката за ваквиот чекор е донесена не само поради тоа што се поедноставува факторската матрица, туку и затоа што се очекува проценката за нивната остварливост во овој социјален контекст битно да се разликува од проценките кои се прават во други културни средини.

За утврдување на адекватноста на тестот и на примерокот за факторска анализа, користени се Бартлетовиот тест на сферичност ($\chi^2$=5695; df=595, p<0,01) и анти-имиџ матрица, со чија помош се одредува дали тестот ја достигнува критичната вредност на *Кајзер-Мејер-Олкин* тестот, која изнесува 0,89. Статистичките показатели упатуваат на потполна соодветност на користење на методот. Освен тоа, принципот на внесување најмалку 3-5 испитаници по анализирана варијабла, односно 10 како оптимална препорака е задоволен со оглед на тоа дека вкупниот број субјекти е 419 (Leandre et al., 1999).

Проверката на можноста наодите да се генерализираат е направена со помош на делење на примерокот на два дела (компјутерско рандом делење). Мерките на адекватност и на вака поделениот примерок упатуваат на соодветност на користење на факторската анализа како метод, а факторската матрица добиена на поделениот примерок (N=210) е многу слична. Поради просторните ограничувања, резултатите добиени од оваа проверка не се прикажани, но, тие дозволуваат да се заклучи дека факторското решение кое ќе биде прикажано во заглавието Резултати, може да се генерализира на пошироката популација, односно, дека не е артефакт на примерокот.

Исто така, спроведена е и проверка на внатрешната хомогеност на целосната скала и седумте субскали со користење на Кронбах-алфа коефициентот.

## *Резултати од анализата*

Целата скала, исто како и нејзините субскали, имаат извонредно висока внатрешна хомогеност. На оваа популација, таа е повисока отколку онаа што ја утврдил авторот на инструментот, што веројатно се должи на поголемата хетерогеност на примерокот во однос на возраста и образованието. Износите на коефициентите на релијабилност се прикажани во Табела 2.

***Табела 2.*** *Кронбах-алфа коефициенти на релијабилност на целата скала и субскалите*

| Цела скала | личен раст | значајни врски | придонес во заедницата | статус/ слава | грижа за изгледот | материјално богатство | здравје |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **0,96** | **0,89** | **0,85** | **0,90** | **0,93** | **0,93** | **0,94** | **0,90** |

Првичното решение на факторската структура нуди 9 фактори со латентни корени над 1. Но, scree-плотот (Слика 1), сепак упатува на тоа дека осмиот и деветтиот фактор се ирелевантни (со латентни корени 1,10, односно 1,05), па затоа како најоптимално решение е избрано седум факторското. Освен тоа, седумте фактори објаснуваат 59,8% од вкупната варијанса, што се смета за прифатлива пропорција, а додавањето на уште два фактори само за 1,8% ја зголемува вкупната објаснета варијанса.




***Слика 1.*** *Scree-плот на латентните корени на факторите*

За полесно да се направи споредбата меѓу моделот и емпириските податоци, претставени се ортогонално ротираните матрици (со нормализирана Varimax ротација) на факторски склоп во која се дадени факторските заситувања (Табела 3). Во неа, со поцрнети бројки се означени заситува-

њата над 0,40, бидејќи според бројот на вклучени испитаници, тие заситувања најсигурно може да сметаат за релевантни (Hair et al., 1998). Сите варијабли (вклучени ајтеми) имаат комуналитет поголем од 0,50.

*Табела 3. Матрица на факторски склоп со факторски заситувања*

| Ајтем* | Ф1 | Ф2 | Ф3 | Ф4 | Ф5 | Ф6 | Ф7 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| В73. Да знам и да искусам дека има луѓе кои ме сакаат и кои јас ги сакам | 0,00 | 0,32 | 0,18 | 0,14 | 0,20 | 0,06 | **0,53** |
| В88. Да го развивам увидот во тоа зошто ги правам работите што ги правам | 0,00 | 0,25 | 0,28 | 0,08 | **0,53** | 0,28 | -0,04 |
| В31. Да го делам животот со некого што го сакам | 0,01 | 0,08 | 0,12 | 0,14 | -0,02 | 0,10 | **0,76** |
| В40. Да се чувствувам добро во поглед на моето физичко здравје | 0,01 | 0,06 | 0,11 | **0,60** | 0,22 | 0,01 | 0,29 |
| В82**. Колку е можно, да немам болести | 0,01 | 0,02 | 0,04 | **0,42** | **0,68** | -0,05 | -0,15 |
| В10. Да имам добри пријатели на кои можам да сметам | 0,03 | **0,66** | 0,13 | 0,25 | -0,10 | 0,06 | 0,12 |
| В19. Да бидам физички здрав-а | 0,05 | 0,18 | 0,16 | **0,69** | 0,00 | 0,00 | 0,03 |
| В79. Да им помагам на другите да ги подобрат своите животи | 0,05 | 0,10 | **0,78** | 0,10 | 0,10 | 0,01 | 0,11 |
| В100. Да им помагам на луѓето во неволја | 0,06 | 0,04 | **0,74** | 0,28 | 0,03 | -0,03 | 0,22 |
| В94. Да имам длабоки и трајни врски и пријателства | 0,06 | **0,58** | 0,15 | 0,23 | 0,04 | 0,15 | 0,10 |
| В4. Да се развивам и да учам нови нешта | 0,09 | **0,48** | 0,37 | 0,17 | 0,15 | 0,18 | -0,11 |
| В61. Да се се одржувам себе сѝ, да бидам здрав-а и добро | 0,09 | 0,20 | 0,16 | **0,62** | 0,23 | 0,21 | 0,22 |
| В46. Јас да го избирам она што го правам, наместо да бидам „туркан-а" низ животот | 0,10 | 0,11 | 0,11 | 0,02 | **0,64** | 0,12 | 0,38 |
| В67. Да знам и да прифатам кој-а навистина сум | 0,11 | 0,39 | 0,11 | 0,19 | **0,48** | 0,18 | 0,24 |
| В16. Да работам и придонесувам за доброто на општеството | 0,13 | 0,29 | **0,64** | 0,09 | 0,01 | 0,00 | -0,08 |
| В25. На крајот на животот, да можам да гледам на мојот живот како на значаен и комплетен | 0,14 | **0,50** | 0,03 | 0,06 | 0,35 | 0,00 | 0,34 |
| В52. Да имам доверливи интимни врски и пријателства | 0,14 | **0,56** | 0,00 | -0,14 | 0,24 | 0,03 | 0,05 |
| В37**. Да им помагам на луѓето на кои тоа им е потребно, не барајќи ништо за возврат | 0,16 | 0,08 | **0,53** | 0,17 | 0,07 | -0,09 | **0,54** |
| В58. Да работам на тоа, светот да стане подобро место за живеење | 0,19 | 0,00 | **0,72** | 0,04 | 0,14 | 0,07 | 0,11 |
| В103. Да имам физички здрав животен стил | 0,22 | 0,11 | 0,32 | **0,56** | 0,24 | 0,13 | 0,03 |
| В85. Да имам доволно пари да можам да купам сé што сакам | 0,24 | -0,05 | 0,12 | 0,11 | 0,19 | **0,68** | 0,14 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| B64. Да бидам финансиски имотен-имотна | 0,26 | 0,08 | 0,06 | 0,04 | 0,02 | **0,81** | -0,02 |
| B43. Да постигнам финансиски успех | 0,30 | 0,15 | -0,02 | 0,14 | 0,12 | **0,72** | 0,04 |
| B22. Да поседувам многу работи кои се вредни и скапи | 0,34 | 0,19 | -0,11 | 0,04 | -0,12 | **0,42** | -0,05 |
| B1. Да бидам многу богат -а | 0,40 | 0,22 | -0,12 | -0,11 | 0,02 | **0,57** | 0,04 |
| B70. Да бидам често присутен во медиумите | **0,49** | 0,02 | 0,16 | -0,31 | 0,15 | 0,05 | -0,33 |
| B13. Да можам успешно да ги покривам или прикривам знаците на стареење | **0,59** | 0,01 | 0,03 | 0,17 | 0,00 | 0,10 | 0,07 |
| B76. Да го постигнам изгледот по кој тежнеам, копнеам | **0,62** | 0,08 | 0,10 | 0,20 | 0,02 | 0,12 | 0,15 |
| B55. Да бидам во тек со новостите во модата | **0,63** | 0,05 | 0,11 | 0,32 | 0,01 | 0,14 | -0,12 |
| B7. Моето име да биде познато за многу луѓе | **0,63** | 0,17 | 0,19 | -0,22 | 0,09 | 0,17 | -0,01 |
| B97. Да имам изглед кој на другите ќе им се допадне | **0,71** | -0,14 | 0,05 | 0,17 | 0,12 | 0,23 | 0,12 |
| B91. Да ми се восхитуваат многу и различни луѓе | **0,73** | 0,11 | 0,10 | -0,06 | 0,12 | 0,16 | 0,09 |
| B34. Луѓето често да коментираат за тоа колку привлечно изгледам | **0,75** | 0,00 | -0,03 | 0,13 | 0,03 | 0,18 | -0,03 |
| B49. Да бидам познат-а | **0,77** | 0,07 | 0,11 | -0,17 | 0,06 | 0,12 | -0,09 |
| B28. Да бидам обожуван-а од многу луѓе | **0,78** | 0,15 | 0,16 | -0,01 | -0,08 | 0,00 | 0,10 |

* ајтемите се индицирани со редниот број во тестот
** ајтеми со високи заситувања на два фактори

Матрицата на факторски склоп ги исполнува основните барања на интерпретабилна факторска матрица од следниве причини:

а) за секој фактор постојат барем три варијабли (ајтеми) кои имаат високи факторски заситувања (>0,40);
б) секоја варијабла (ајтем) има високо факторско заситување на барем еден фактор;
в) со исклучок на два ајтеми, заситувањата на сите останати фактори освен оној каде припаѓаат се многу ниски.

На *првиот фактор*, на кој воедно се должи и најголемиот процент на заедничка варијанса, високи факторски заситувања имаат десет ајтеми. Сите припаѓаат на две субскали кои во оригиналниот инструмент се два различни фактори: важност на имиџот, односно себе-претставувањето во јавноста и важноста на признанијата кои се добиваат од средината.

На *вториот фактор* се забележани највисоки заситувања кај речиси сите ајтеми (освен B88) кои припаѓаат на скалата на *личен раст*, но и на ајтеми кои ја сочинуваат субскалата значајни/важни *врски*.

*Третиот фактор* се потпира на варијансата на петте ајтеми од субскалата придонес кон *односи со заедницата* и претставува еден од најлесно интерпретабилните со оглед на тоа дека нема високи заситувања на ајтемите од други субскали. Идентична е сликата и со *четвртиот фак-*

*тор*, каде се концентрирани високи факторски заситувања само кај петте ајтеми на субскалата *здравје*, како и со *шестиот фактор*, кој се должи исклучиво на заситувањата на сите пет ајтеми од субскалата *материјално богатство*.

*Петтиот фактор* очигледно припаѓа на субскалата *личен раст*, иако два ајтеми од таа субскала (B4 и B25) немаат највисоки заситувања на овој фактор, туку на друг. Освен трите ајтеми од субскалата *личен раст*, на овој фактор со високо заситување е сместен и еден ајтем од субскалата *здравје* (B82). На крај, *седмиот фактор* се издвојува како фактор што се однесува на субскалата значајни *односи*, бидејќи два од трите ајтеми кои имаат високи заситувања припаѓаат на оваа субскала, додека третиот ајтем е од субскалата придонес кон заедницата и се однесува на помагање на другите луѓе.

## *Дискусија*

Тестот е генерално употреблив, бидејќи прави разлика меѓу интринзични и екстринзични цели исто како што е дефинирано од авторот. Поточно, иако субскалите добиени со спроведената факторска анализа на примерокот од ова истражување не се формирани од идентични ајтеми како оние во оригиналниот инструмент, нема ајтеми од субскалите за интринзични цели со високи заситувања на фактори кои се однесуваат на екстринзични цели и обратно. Напротив, постои јасна тенденција ајтемите кои припаѓаат на екстринзичните субскали да имаат факторски заситувања блиску до нула кога ќе се најдат на фактор од интринзична природа. Таа тенденција важи и за ајтемите кои припаѓаат на интринзичните субскали.

Освен тоа, со анализата се издвоија идентичните фактори од културно различни популации од страна на други истражувачи: факторите материјално богатство и здравје се должат на варијансите од оние ајтеми кои ги сочинуваат тие субскали во оригиналниот инструмент, што донекаде важи и за субскалата *придонес во заедницата*.

Но, ајтемите од субскалите врски и личен раст изгледа како да имаат различни значења во различни културни контексти, бидејќи „се разместија" во три фактори. Едниот (петтиот) фактор недвосмислено се однесува на *личен раст* онака како што е дефиниран од авторите, бидејќи е компониран само од ајтеми од субскалата личен раст, без ајтеми од субскалите за интринзични и екстринзични цели. Со оглед на тоа кои ајтеми имаат највисоки заситувања, недвосмислено овој фактор се однесува на личен раст, но најмногу на аспектот автономија, разбирање на причините за случувањата во животот, како и внатрешна каузација, онака како што е

дефинирана од ДеШарм (според Deci & Ryan, 2000). Истоветноста со оригиналниот модел важи и за седмиот фактор, кој е компониран од ајтеми од субскалата *значајни врски* што се однесуваат на формирање и одржување романтични односи и на љубовта воопшто, што се гледа и од тоа дека во истата група припаѓа и еден ајтем од субскалата *придонес во заедницата,* кој е поврзан со помагање и несебичност. Последниот фактор од оваа група (фактор два) кој воедно е и најтежок за интерпретирање е компониран од три ајтеми од субскалата *значајни врски* и два ајтеми од субскалата *личен раст.* Ако се погледнат ајтемите кои имаат највисоки заситувања на овој фактор, може да се заклучи дека тој се однесува на тежнеење кон лични постигања поврзани со *стекнување* пријателства, но и во сферата на знаењата и смислата во животот.

Уште една разлика со моделот на Кејсер и Рајан е забележана во првиот фактор, каде не се раздвојуваат субскалите *имиџ* и *статус*, наспроти она што е добиено со анализата во оригиналната верзија. Ова отстапување може да значи дека во оваа култура не се прави битна разлика меѓу овие две цели, односно се тие доживуваат како слични инструменти за компензација на незадоволените базични потреби за компетенција и поврзаност. Можно е во колективистичките средини како што е нашата (Кениг, 2006), имиџот да биде средство за постигнување на статус. На крај, ваквото спојување може да се должи и на избраната постапка за генерирање фактори, која по правило, ја кумулира заедничката варијанса во најголем дел на првите фактори во матрицата.

Тргнувајќи од резултатите на анализата кои покажаа дека тестот е генерално употреблив за мерење на интринзични и екстринзични цели. Тоа значи дека во услови кога се применува на наша популација, може да се користи за да се одреди степенот на поседување на интринзична и екстринзична мотивација, но не и за да се мери секоја субскала одделно.

Се разбира, останува прашањето на што се должат разликите во наодите во поглед на улогата на екстринзичните цели добиени во Македонија и други транзициски земји споредено со наодите од развиените земји. Одговорот на ова прашање психометричарите прво го бараат во можноста преводот од еден на друг јазик да не е соодветен, односно да е направен без културни приспособувања. Иако оваа можност не е исклучена и би требало да се провери во иднина, не смее да се изземе од вид и хипотезата дека разликите се должат на концептуалната нееквивалентност на варијаблата што се мери, а таа нееквивалентност пак, веројатно произлегува од разликите во социо-економските услови.

Имено, нашето општество (истото важи и за хрватското и романското) е од оние за кои Феенхофен смета дека материјалните услови играат важна улога во задоволувањето на базичните психолошки потреби, а

со тоа и за нивото на субјективната добросостојба (Veenhoven, 2000). Кога условите за задоволување на базичните психолошки потреби се отежнати, екстринзичните цели добиваат компензаторна улога (Vaansteenkste et al., 2006). Тежнеењето за стекнување материјални добра добива значење и на обезбедување сигурност и основни услови за задоволување и на психолошките потреби. Оттука, целта за стекнување материјални добра секако дека има силна екстринзична димензија која е несомнено компензаторна, но има и димензија која од испитаниците е доживеана како нешто нормално и суштински поврзано со секојдневниот живот. Поради тоа, испитаниците реагираат афирмативно на прашањата, што резултира со високи скорови на оваа, но и на другите екстринзични цели каде се јавуваат слични механизми. Стекнувањето статус или слава во заедницата се процеси кои се поврзани со процесот на социјална споредба, кој низ еволуционистичка призма има адаптивна функција (според Diener, Suh & Oishi, 1997). Тргнувајќи од потребата да се биде компетентен и да се постигнуваат успеси во сферите кои ни се важни, а при нестабилни внатрешни критериуми, неретко луѓето се водени од критериуми кои се општествено моделирани. Во таква ситуација статусот во заедницата станува еден вид мерило на постигнувањата и компетентноста. На крај, веројатно во функција на остварувањето посакуван статус е и себе-пројавувањето, појавноста или имиџот. Тоа резултира со формирање цел или тежнеење за грижа за сопствениот изглед. Со себе-пројавувањето се комуницира, но и се пројавуваат личните вредности.

Како заклучок, во социо-економски услови како во нашето општество, екстринзичните цели добиваат адаптивна функција. Притоа, наодот дека пренагласеното тежнеење кон екстринзичните цели негативно се одразува на добросостојбата, веројатно има универзална важност.

### *Литература*

Brewster, M. (1992). *Values, Self and Society: Toward a Humanist Social Psychology*. New Brunswick, New Jersey: Transaction Publishers.

Brdar, I. (2006). Životni ciljevi i dobrobit: je li za sreču važno što želimo? *Društvena istraživanja*, 4-5. Rijeka: Filozofski fakultet [Life goals and well-being: Is for happiness important what we want? *Societal research*, 4-5. Rijeka: Faculty of philosophy].

Chirkov, V., Ryan, R. M, & Willness, C. (2005). Cultural Context and Psychological Needs in Canada and Brazil: Testing a Self-Determination Approach to the Internalization of Cultural Practices, Identity, and Well-Being. *Journal of Cross-Cultural Psychology, 36,* 423-443.

Deci, E. L., & Ryan, R. M. (2000). The "what" and "why" of goal pursuits: Human needs and the self-determination of behavior. *Psychological Inquiry*, *11*, 227-268.

Frost, KM, & Frost JC (2000). Romanian and American Life Aspirations in Relation to Psychological Well-Being. *Journal of Cross-Cultural Psychology,* 31; 726

Grouzet, F. M., Kasser, T., Ahuvia, A., Dols, J. M., Kim, Y. Lau, S., Ryan, R. M., Saunders, S., Schmuck, P. & Sheldon, K. M. (2005). The structure of goals across 15 cultures. *Journal of Personality and Social Psychology*, *89*, 800-816.

Diener E., Suh E., Oishi S., (1997). Recent Findings on Subjective Well-Being. *Indian Journal of Clinical Psychology.*

Hair, J. F. ,Tatham R. L. and Black, W. C. (1998). Multivariate Data Analysis. London: Prentice Hall International Inc.

Kasser, T., & Ryan, R. M. (1996). Further examining the American dream: Differential correlates of intrinsic and extrinsic goals. *Personality and Social Psychology Bulletin*, *22*, 280-287.

Kasser, T., & Ryan, R. M. (1993). A dark side of the American dream: Correlates of financial success as a central life aspiration. *Journal of Personality and Social Psychology*, *65*, 410-422.

Кениг, Н. (2006). *Хофстедовиот модел на димензии на културата: Можности за мерење во групен и индивидуален контекст.* Докторска дисертација. Филозофски факултет - Скопје.

Leandre R. Fabrigar, L. R., Wegener, D. T, MacCallum, R. C. and Strahan, E. J. (1999). Evaluating the Use of Exploratory Factor Analysis in Psychological Research. *Psychological Methods*, vol.4/3, 272-299.

Nix, G. A., Ryan, R. M., Manly, J. B., & Deci, E. L. (1999). Revitalization through self-regulation: The effects of autonomous and controlled motivation on happiness and vitality. *Journal of Experimental Social Psychology*, *35*, 266-284.

Ryan, R. M., Huta, V., & Deci, E. L. (2008). Living well: A Self-determination theory perspective on eudaimonia. *Journal of Happiness Studies, 9*, 139-170.

Ryan, R. M., & Deci, E. L. (2001). On Happiness and Human Potentials: A Review of Research on Hedonic and Eudaimonic well-being. *Ann.l Rev. of Psychology, 52:* 141-166.

Ryan, R. M., Chirkov, V. I., Little, T. D., Sheldon, K. M., Timoshina, E., & Deci, E. L. (1999). The American Dream in Russia: Extrinsic aspirations and well-being in two cultures. *Personality and Social Psychology Bulletin, 25*, 1509-1524.

Schmuck, P., Kasser, T., & Ryan, R. M. (2000). The relationship of well-being to intrinsic and extrinsic goals in Germany and the U.S. *Soc. Indicators Res., 50*, 225-241.

Спасовски, О., (2009). *Однос на субјективната добросостојба со базичните психолошки потреби, животните цели и себецененњето.* Докторска дисертација. Филозофски факултет - Скопје.

Veenhoven, R., (2000). Freedom and Happiness: A Comparative Study in Forty-four Nations in Early 1990s. in: Diener, E., & Suh, E.M., (eds.), *Culture and Subjective Well-being,* London: The MIT Press.

Veenhoven, R., (2006) *Average happiness in 95 nations 1995-2005*, World Database of Happiness, RankReport 2006-1d, www.worlddatabaseofhappiness.eur.nl

Vansteenkiste, M., Lens, W., & Deci, E. L. (2006). Intrinsic versus extrinsic goal-contents in self-determination theory: Another look at the quality of academic motivation. *Educational Psychologist*, 41, 19-31.

*Nikolina KENIG*
*Ognen SPASOVSKI*

## CHECKING THE INTERNAL STRUCTURE OF THE INSTRUMENT ASPIRATIONSINDEX USING EKSPLORATORNA FACTOR ANALYSIS

### *Abstract*

*Inspired by several cases of contradictory findings reported in some empirical studies related to extrinsic life goals, this study aims to examine the internal structure of the instrument Aspiration Index, constructed by Kasser and Ryan. This is done by using exploratory factor analysis. The sample consists of 419 participants at the age between 18 and 56, from different towns in Macedonia. Findings show that the construct of intrinsic and extrinsic life goals is confirmed on Macedonian population, although there are some differences in that how the subscales instrument is consist of are structured.*

***Key words***: *ASPIRATION INDEX, INTRINSIC AND EXTRINSIC LIFE GOALS, FACTOR ANALYSIS.*